Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 04-302/1
22-07 2021 год.
Велес

Врз основа на Член 143 став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија", бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 , 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19,146/19 и 275/19) и Член 35 ст.2 алинеа 4 од Статутот на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес, Директорот на ОЈУДГ „Димче Мирчев"-Велес, на ден 22.07.2021 година донесе

# О Д Л У К А

**за избор на кандидати по Интерните огласи бр.01/2021 и бр.02/2021**
**за пополнување на работно место Раководител на објект,Воспитувач-Ментор и Негувател-Ментор со унапредување**

**Член 1**

**За пополување на работно место Раководител на објект со унапредување -6(шест) извршители, категорија даватели на услуги во ОЈУДГ „Димче Мирчев"-Велес, со шифра ДЕЗ 03 03 А01 008, се избираат следните кандидати:**

**1. Тања Ангеловска**

**2 .Даниела Брезева**

**3.Македонка Јовчевска**

**4.Наташа Јанушева**

**5.Александра Андоновска Јанева**

**6.Ирена Арсова**

**Член 2**

**За пополнување на работното место ВОСПИТУВАЧ-МЕНТОР со унапредување – 2 (два) извршители,категорија даватели на услуги во ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес,со шифра ДЕЗ 0303 В02 001,се избираат следните кандидати:**

**1.Наташа Ѓошевска;**

**2.Верица Малинова.**

**Член 3**

**За пополнување на работното место НЕГОВАТЕЛ-МЕНТОР со унапредување – 2 (два) извршители,категорија даватели на услуги во ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес,со шифра ДЕЗ 0303 Д02 001,се избираат следните кандидати:**

**1.Македонка Дудевска;**

**2.Ленче Лазарова.**

**Член 4**

**Именуваните вработени ќе бидат унапредени по конечноста на оваа одлука.**

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По добивање на известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии, преку Министерството за труд и социјална политика, ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес на својата веб страна и на огласна табла објави Интерни огласи бр.01/2021 и бр.02/2021 за пополнување на работни места на даватели на услуги со унапредување.

Под реден број 1 од Интерниот оглас се бараше пополнување со унапредување на работно место : Раководител на објект со шифра ДЕЗ 03 03 А01 008 , категорија даватели на услуги -6 (шест) извршители, со завршено соодветно високо образование за вработени од редот на воспитувачи од ниво В1, В2, В3, (Дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог ) и стручни работници со стекнати 240 кредити по ЕКТС или завршен VII/1 степен,со најмалку пет години работно искуство во установата, со соодветна важечка лиценца за работа за воспитувач,односно важечка лиценца за стручен работник.

Под реден број 2 од Интерниот оглас се бараше пополнување со унапредување на работното место:Воспитувач-ментор со шифра ДЕЗ 0303 В02 001,категорија даватели на услуги – 2 (два) извршители со завршено соодветно високо образование за вработени од редот на воспитувачи ,со најмалку 3 години работно искуство во струката,со соодветна важечка лиценца за работа за воспитувач.

Под реден број 3 од Интерниот оглас се бараше пополнување со унапредување на работното место:Негoвател-ментор со шифра ДЕЗ 0303 Д02 001,категорија даватели на услуги – 2 (два) извршители со завршено соодветно средно образование,најмалку 3 години работно искуство во струката,соодветна важечка лиценца за работа за неговател.

Со Решение од Директорот на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес,со арх.бр.04-239/1 од 02.07.2021 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на даватели на услуги по интерниот оглас .

По спроведената постапка за административна селекција од двата интерни огласи, Комисијата утврди дека пријавените 6(шест) кандидати за раководители,2 (два) кандидати за Воспитувач-Ментор и 2 (два) кандидати за Неговател-Ментор, ги исполнуваат условите утврдени во интерните огласи и со истите беше спроведено интервју,како втора фаза на постапката.

Согласно добиените бодови од спроведеното интервју со кандидатите и оценка од нивното последно оценување,во 2020 година ,Комисијата за селекција за унапредување на даватели на услуги по интерен оглас, изготви конечна ранг листа за шест кандидати за работното место Раководител на објект,два кандидати за работното место Воспитувач-Ментор и два кандидати за работното место Неговател-Ментор.

Врз основа на конечната ранг листа на шест кандидати од двете фази на селекција за унапредување и предлогот за пополнување на работно место Раководител на објект со унапредување 6(шест) извршители,Воспитувач-Ментор 2 (два) извршители и Неговател-Ментор 2 (два) извршители, Директорот на ОЈУДГ „Димче Мирчев"-Велес ,ги избра предложените кандидати.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА :** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,во рок од (8) осум дена од денот на приемот на одлуката за избор.

**Доставено до :**

-Избраните кандидати и

-Архива

**Директор**

Општинска јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

**Маја Велиновска**